# УСЛОВИ ЗА АНГАЖМАН

Експерт за проценка на потребите за обука на вработените во општината и управувачката структура на заштитеното подрачје

**Проект:** „Оживување на Дојранското Езеро: Зајакнување на локалните капацитети за долгорочна заштита", Северна Македонија
**Локација:** Општина Дојран, Северна Македонија
**Тип на ангажман:** Индивидуален експерт – експерт за обуки
**Времетраење:** 4 дена во периодот Март-Април 2026г
Краен рок за аплицирање: 18 март 2026 година

## 1. Позадина

Проектот „Оживување на Дојранското Езеро: Зајакнување на локалните капацитети за долгорочна заштита" има за цел да придонесе кон долгорочна заштита и одржливо управување со Споменикот на природата Дојранско Езеро.
Еден од приоритетите на проектот е воспоставување и зајакнување на Ренџерска служба која ќе биде одговорна за мониторинг, заштита и управување со природните вредности на заштитеното подрачје.
Со цел да се обезбеди соодветна подготовка на идните ренџери и релевантниот персонал, ќе се спроведе проценка на потребите за обука, со која ќе се идентификуваат потребните знаења, вештини и компетенции.
За таа цел, Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија ангажира експерт за обуки кој ќе ја спроведе проценката на потребите за обука и ќе изготви план за понатамошни активности за јакнење на капацитетите.

## 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е да се идентификуваат потребите за обука и празнините во знаењето и вештините кај идните ренџери и релевантниот персонал, како и да се изготви план за обуки кој ќе послужи како основа за идните активности за јакнење на капацитетите.

## 3. Опфат на работата

Ангажираниот експерт ќе ја процени потребата од обуки за идните ренџери и вработените вклучени во управувањето со заштитеното подрачје.
Ангажманот опфаќа:

- идентификација на потребните компетенции
- проценка на постојните знаења и вештини
- консултации со релевантни засегнати страни
- подготовка на план за обуки

## 4. Клучни задачи

Задача 1 – Преглед на документација
Преглед на релевантни документи и информации поврзани со воспоставувањето и функционирањето на Ренџерската служба.
Задача 2 – Проценка на потребите за обука
Идентификација на празнините во знаењата и вештините на идните ренџери и релевантниот персонал преку анкети и интервјуа со засегнати страни.
Задача 3 – Подготовка на план за обуки и извештај
Подготовка на извештај за проценка на потребите за обука, кој ќе содржи и предлог-план за обуки со приоритетни теми и препораки.

## 5. Очекувани резултати

1. Извештај за проценка на потребите за обука
2. План за обуки со препораки за понатамошни активности за јакнење на капацитетите

Сите анализи и извештаи треба да бидат подготвени на македонски и англиски јазик.

## 6. Времетраење на ангажманот

Ангажманот ќе се реализира во тек на месеците Март и Април 2026г., со вкупно 4 работни дена.

## 7. Институционални аранжмани

Експертот ќе работи во тесна координација со проектниот тим на Милиеуконтакт Македонија.
Експертот директно ќе му одговара на координаторот на проектот и ќе соработува со Општина Дојран и релевантните засегнати страни.

## 8. Квалификации и искуство

Кандидатот треба да има:

- најмалку 5 години релевантно искуство во подготовка и спроведување обуки или програми за јакнење на капацитетите
- искуство во спроведување проценка на потреби за обука
- искуство во работа со јавни институции или организации од областа на животната средина ќе се смета за предност
- силни аналитички и комуникациски вештини
- одлично познавање на македонски и англиски јазик

Предност ќе имаат кандидати со високо образование во релевантна област.

## 9. Критериуми за евалуација

| Критериум | Максимум поени |
|---|---|
| Релевантно искуство и квалификации | 30 |
| Методологија / технички пристап | 30 |
| Финансиска понуда | 40 |
| Вкупно | 100 |

## 10. Потребна документација

Кандидатите треба да достават:

- биографија (CV)
- мотивациско писмо со краток опис на релевантното искуство
- предложена методологија (максимум 2 страници)
- финансиска понуда (паушален износ за ангажманот)
- листа на најмалку два релевантни ангажмани

Кандидатите се охрабруваат релевантните ангажмани да ги прикажат во следната форма:

| Проект / ангажман | Клиент / институција | Година | Краток опис | Улога на експертот |
|---|---|---|---|---|

По потреба, од кандидатите може дополнително да се побараат докази за учество во наведените ангажмани (договори, препораки, линкови до извештаи и сл.).

## Финансиска понуда

Кандидатите треба да достават финансиска понуда како паушален износ за целиот ангажман.
Максималниот износ по работен ден изнесува 170 USD.

## Начин на аплицирање

Апликациите треба да се испратат на електронската адреса:
info@mkm.mk
со наслов:
„[Назив на експертската позиција]“
Краен рок за доставување на апликациите е:
18 март 2026 година до 17:00 часот.

За дополнителни информации може да се обратите на:

info@mkm.mk
aleksandra.s@mkm.mk